ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-90/3**

**Дата: 24.02.2012**

ДО
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Секретаријатот за европски прашања (во натамошниот текст СЕП), сметка на основниот буџет (637) за 2010 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2008 година и изразено е негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива.
Препораките дадени во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година во целост се спроведени.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на Билансот на состојба, додека резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива. За прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, изразуваме мислење со резерва.

СЕП како корисник на услуги од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во текот на 2010 година, исплатил средства по основ на извршени услуги од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во име и за сметка на СЕП, без склучен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски. Ревизијата

препорачува раководното лице да превземе мерки и активности за навремено склучување на договор за користење на услугите од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Со извршениот увид во Извештајот за извршениот попис и Решението за усвојување на извештајот за пописот на средствата и на изворите на средствата за 2010 година, како и во начинот на усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата ревизијата утврди дека истите не се донесени и доставени до организациониот облик задолжен за водење на сметководство во законски утврдениот рок, поради што не се спроведени препораките на Централната пописна комисија во известувачкиот период.

Започнувајќи од 2003 година па се до денот на вршење на ревизијата, Владата на Република Македонија преку СЕП, воспоставила пракса на доделување на средства за постдипломски студии во странство.
Неоспорувајќи ги активностите и заложбите на надлежните органи за промовирање на едукацијата и обезбедување на високостручни кадри, како и унапредување на професионалноста, стручноста, ефикасноста и ефективноста на администрацијата по пат на обука и прибирање нови кадри коишто ќе бидат оспособени да се вклучат активно во процесот на придружување на Република Македонија кон Европската Унија, ревизијата истакнува дека оваа активност согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно ”... воспитанието и образованието од сите видови и степени, ....организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката...”, е наведена во рамките на надлежностите на Министерството за образование и наука.

Од страна на раководното лице на секретаријатот добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и дел не се прифатени, поради тоа што претставуваат известувања за превземени мерки за надминување на констатираните состојби, а дел се прифаќаат поради дополнително доставена документација.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 12-14 заедно со ревизија на усогласеност на Секретаријатот за европски прашања сметка на основен буџет (637), кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2010 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со законите и прописите за 2008 година и изразено е негативно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива изразивме негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- д-р Васко Наумовски, заменик на Претседателот на Влада на Република Македонија задолжен за европски прашања, министер без ресор од 11.07.2009 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СЕП/сметка на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1 на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Не е извршено навремено изготвување и донесување на Извештајот за извршениот попис за 2010 година заедно со актот на одговорното лице на субјектот, не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата, како и не се превземени мерки констатирани со пописот.

Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 25.08.2011 до 21.09.2011 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година-спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре го опфати спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2008 година, при што е констатирана дека дадените препораки се целосно спроведени.

## 4. Наоди и препораки

На ден 18.01.2012 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под број 09-90/1 од 18.01.2012 година.
Забелешките се разгледани и дел не се прифатени, поради тоа што претставуваат известување за превземени мерки за надминување на констатираните состојби во наредниот период, додека забелешките на точка 4.3.2. и алинеја 2 точка 4.4.1. се прифаќаат поради дополнително доставена документација.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли во процесот на набавки и плаќања во делот на евидентирање на влезни фактури констатиравме дека и покрај тоа што при приемот и одобрувањето на документацијата за плаќање/влезни фактури има воспоставено контроли, не се донесени пишани процедури за движењето на финансиската документација и одобрување на истата од одговорните лица на субјектот. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Непостоење на пишани процедури создава ризик финансиските документи да не се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, како и ризик од нивно несоодветно презентирање во финансиските извештаи што може да доведе до намалување на квалитетот на истите и информациите кои ги даваат.

**Препорака:**
Раководното лице на СЕП да превземе мерки и активности за донесување на процедура со кој ќе се уреди постапката за управување со влезните фактури и пропратната документација.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. СЕП како корисник на услуги од Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, (во понатамошниот текст СОЗР) во текот на 2010 година, исплатил средства во вкупен износ од 7.941 илјада денари, по основ на извршени услуги од страна на Службата во име и за сметка на СЕП и тоа за набавка на авио билети и мобилна телефонија, без склучен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски. Кваквата состојба не

е во согласност со член 5 од Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и не обезбедува прецизно утврдување на видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот на извршување на услугите, како и други прашања од значење за навремено и квалитетно извршување на услугите.

За вршење на општите и заедничките работи и услуги за потребите на СЕП за 2011 година, склучен е договор за регулирање на правата и обврските на СЕП и СОЗР на ден 05.04.2011 година, односно со задоцнување од девет месеци.

**Препорака:**

Раководното лице на СЕП да превземе мерки и активности за навремено склучување на договор за користење на услугите од СОЗР.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.3.1. Одговорното лице на субјектот на ден 13.12.2010 година донесува Решение за формирање на Централна пописна комисија. Извештајот за извршениот попис е изготвен на ден 11.03.2011 година, а Решението за усвојување на извештајот за пописот на средствата и на изворите на средствата за 2010 година е донесен на 13.04.2011 година. Со извршениот увид во наведените документи и начинот на усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата ревизијата го утврди следното:

- Извештајот за извршениот попис и Решението за формирање на Централна пописна комисија не се донесени и доставени до организациониот облик задолжен за водење на сметководство во законски утврдениот рок (најкасно дваесет дена пред крајниот рок пропишан за доставување на завршната сметка односно 08 февруари 2011 година), односно извештајот е изготвен со задоцнување од 31 ден, а решението е донесено со задоцнување од 64 дена;
- не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата;
- не е извршено евидентирање на констатираниот вишок на опремата по попис (возило, мебел и друга опрема) за која е констатирано дека не е евидентирана во книгата на капиталниот имот и деловните книги;

- не се утврдени причините за констатираниот кусок на опрема и мебел по попис и воедно не се спроведени корективни книжења во деловните книги;
- не е утврден видот на информатичка опрема по повеќе инвентарни броеви и истата не е пронајдена во просториите на СЕП и
- обврските во деловните книги, заради сметководствени грешки, се искажани во поголем износ за 953 илјади денари.

  Во текот на 2011 година, од страна на СЕП превземени се мерки и извршени се корекции кои се составен дел на деловните книги за 2011 година.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и има за ефект неможност од потврдување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата искажани во Билансот на состојба, намалување на квалитетот на финансискиот извештај и информациите кои ги дава истиот.

**Препорака:**
Одговорното лице на субјектот да превземе мерки и активности за извршување на надлежностите кои се однесуваат на пописот во рок и на начин предвидени со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

4.3.2. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации за усогласување на обврските искажани во финансиските извештаи. Од испратените конфирмации за усогласување на обврските и добиените одговори потврдивме неусогласеност на 33% од евидентираните обврски во деловните книги на СЕП, поради што ревизијата не ја потврди реалноста и објективноста на искажаните обврски во финансиските извештаи.

**Препорака:**
СЕП да преземе активности за усогласување на обврските најмалку еднаш годишно, со цел нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

## 4.4. Користење на средства согласно законски прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008, 2009 и 2010 година, извршивме ревизија на 11 од вкупно 28 спроведени постапки. Опфативме 92% од вредноста на склучените договори односно износ од 47.056 илјади денари, при што ги констатиравме следните состојби:

- членовите на Комисијата за јавни набавки при спроведување на постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси кои се составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- во 2009 година склучени се договори за набавка на "симултани/консекутивни преведувачки услуги" и набавка на "конференциска опрема". Со извршените детални тестирања ревизијата утврди дека во текот на 2010 година превземени се обврски во износ од 196 илјади денари, иако времетраењето на договорите било истечено, а притоа не биле спроведени постапки за дополнителна набавка на стоки и услуги. Утврдената состојба не е во согласност со член 4 од склучените договори за јавна набавка и член 99 став 1 точка 2 и 4 од Законот за јавни набавки;
- Во текот на 2010 година исплатени се средства во износ од 2.117 илјади, по склучен Анекс на договор за набавка на "Осмислување и реализација на кампања Европски во Европската унија склучен на ден 15.09.2009 година, по договорот кој бил со важност до месец јули 2008 година, како и заради целосно исполнување на вредноста на договорот. Со ваквиот начин на регулирање на должничко доверителските односи се превземаат обврски по договор чие времетраење е изминато, што не е во согласност со Законот за јавни набавки.

Наведените состојби имаат за ефект непочитување на наведените одредби од Законот за јавните набавки.

**Препорака:**

Раководното лице со СЕП да ги задолжи вработените, одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од изнесените констатации во точката 4.3.1. се однесуваат на ненавремено изготвување и донесување на Извештајот за извршениот попис за 2010 година заедно со актот на одговорното лице на субјектот, неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на средствата и изворите на средствата, како и непревземање на мерки констатирани со пописот.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3.1. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење за Билансот на состојба. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на Секретаријатот за европски прашања, на ден 31 декември 2010 година, додека Билансот на приходи и расходи ги претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.3. и 4.4., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Секретаријатот за европски прашања, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет

6.1. Во текот на 2010 годна, Владата на Република Македонија има донесено Одлука за доделување на средства за постдипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ за академската 2010/2011 година и Одлука за изменување на Одлуката за доделување на средства за постдипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ за академската 2010/2011. Со овие одлуки Владата на Република Македонија обезбедила средства во висина

од 7.000 илјади денари за финансирање на определен број на постдипломски студии во странство. Во текот на известувачкиот период Владата на Република Македонија преку СЕП доделила стипендии на 7 лица за кои исплатила средства во вкупен износ од 6.821 илјада денари. Ваквата пракса е воспоставена започнувајќи од 2003 година па се до денот на вршење на ревизијата.

Неоспорувајќи ги активностите и заложбите на надлежните органи за промовирање на едукацијата и обезбедување на високостручни кадри, како и унапредување на професионалноста, стручноста, ефикасноста и ефективноста на администрацијата по пат на обука и прибирање нови кадри коишто ќе бидат оспособени да се вклучат активно во процесот на придружување кон ЕУ, ревизијата истакнува дека оваа активност согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, односно ”... воспитанието и образованието од сите видови и степени, ....организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката...”, е наведена во рамките на надлежностите на Министерството за образование и наука.

6.2. Обрнуваме внимание дека СЕП се јавува како тужител во четири судски постапки по основ на неисполнување на обврски по склучени договори од страна на стипендистите за доделување на стипендии за постдипломски студии во странство. Во моментот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат.

**Секретаријат за европски прашања**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 година**

| Опис на позицијата | Образложение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 80,282 | 154,546 |
| **Вкупно приходи** | | **80,282** | **154,546** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | **3.2.** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 33,283 | 24,587 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 39,945 | 69,882 |
| Субвенции и трансфери | 3.3. | 6,857 | 8,875 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **80,085** | **103,344** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 197 | 51,202 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **197** | **51,202** |
| **Вкупно расходи** | | **80,282** | **154,546** |

**Секретаријат за европски прашања**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Побарувања од вработените | 4.1.1. | 11 | 51 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 5,919 | 9,260 |
| **Вкупно тековни средства** | | **5,930** | **9,311** |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 38,019 | 37,892 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 69,690 | 95,599 |
| **Вкупно постојани средства** | | **107,709** | **133,491** |
| **Вкупна актива** | | **113,639** | **142,802** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 2,155 | 6,920 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 3,764 | 2,340 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 11 | 51 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **5,930** | **9,311** |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 107,709 | 133,491 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **107,709** | **133,491** |
| **Вкупна пасива** | | **113,639** | **142,802** |

**Секретаријат за европски прашања**

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **133,491** | - | **133,491** |
| **Зголемување по основ на:** | **8,457** | - | **8,457** |
| Набавки | 2,768 | - | **2,768** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 5,689 | - | **5,689** |
| **Намалување по основ на:** | **(34,239)** | - | **(34,239)** |
| Потрошок | - | - | - |
| Потрошок | | - | |
| Амортизација на постојани средства | (21,593) | | **(21,593)** |
| Отстапувања по Одлуки на Влада | (12,646) | - | **(12,646)** |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **107,709** | - | **107,709** |

Република Македонија
Влада на Република Македонија
Секретаријат за европски прашања

Бр. 13-171/4
Скопје, 18 јануари 2012

Влада на Република Македонија

Секретаријат за европски прашања

Илинденска бб, 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. + 389 (0)2 3200 100
Факс. +389 (0)2 3113 710
www.sep.gov.mk

**ДО: Државен завод за ревизија**
Палата Македонија
ул. Македонија 12/3
за: **м-р. Тања Таневска ,**
Главен државен ревизор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 18.01.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 90/2 | | |

**ПРЕДМЕТ: Доставување на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на СЕП за 2010 година**

**ВРСКА: Ваш број 09-128/10 од 6.12.2011 г.**

Почитувана г-ѓо Таневска ,

Секретаријат за европски прашања на 12.12.2011 година (бр.13-206/3) прими еден примерок од Нацрт извештаите на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Секретаријат за европски прашања за 2010 година.

Во прилог на дописот ви ги доставуваме забелешките на Нацрт извештајот во законски предвидениот рок, на ваше понатамошно постапување.

Со почит,

**ЗАМЕНИК ПРЕДСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РМ**
**ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА**

**D-r Teuta ARIFI**

Teuta ARIFI

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**ПРЕГЛЕД НА ЗАБЕЛЕШКИ на Нацрт Извештајот на Државниот Завод за ревизија по основ на извршена финансиска ревизија и ревизија на усогласеност на Секретаријатот за европски прашања за 2010година**

**I) сметка на основен буџет (637) за 2010 година**

***А) Ревизорски наоди и препораки***

Наод: 4.1 - Интерни контроли

**Наод:***4.1.1. Не се донесени пишани процедури за движење на финансиска документација и одобрување на истата од одговорните лица на субјектот. Истото да се усогласи со Закон за јавна внатрешна финансиска контрола.*

Забелешка: СЕП во прилог на Преглед забелешки доставува копие од пишаните процедури – активности врзани за оптимално функционирање на Секторот за финансиски прашања а врзано за движење и одобрување на финансиската документација, донесени на 30.09.2010 година, во кои, од 01.10.2010 година, се воведуваат нови инструменти во финансиското работење на СЕП: Книга на фактури и Електронска книга на фактури како и штебилите „Ликвидирано„ и „Одобрено за исплата„ а се воведува и функција „ликвидатор„ а воедно се воведува и нов принцип на движење и одобрување на финансиска документација согласно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Наод:** *4.2.1 Извршени услуги од страна на СОЗР во име на СЕП без склучен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски.*

Забелешка: СЕП во прилог на Преглед забелешки доставува копие од Спецификицаијата/прегледот за набавка на стоки, услуги и работи во текот на 2011 година а врз основа на Барањето од 17.06.2010 г. од Директорот на СОЗР за доставување на податоци за стоки, услуги и работи кои се набавуваат преку централното тело за јавни набавки во СОЗР, а согласно на Одлука на Влада на РМ бр.51-2467/1 од 11.05.2010.година (во која не е прецизирана активност врзана за потпишување на Договор помеѓу СОЗР и Органите на државна управа корисници на услуги од СОЗР). Со наведениот преглед точно се специфицирани видови на стоки, услуги и работи кои СОЗР ги врши во име на СЕП. Воспоставената пракса од страна на СОЗР од 2011 (кога за прв пат и се потпиша договор со СОЗР за вршење на општите и заедничките работи и услуги за потребите на СЕП за 2011 година), СЕП ќе ја продолжи и во Јануари 2012 година со за потпишување на нов Договор со СОЗР за 2012 година, каде прецизно ќе се регулираат меѓусебните односи за вршење на услугите во име на СЕП.

1

**Наод:** 4.3.1 *Не е извршено усогласување на сметководствена со фактичка состојба на средствата и изворите на средствата, а врз основа на Извештајот за извршениот попис*
Забелешка: Во прилог на документот, СЕП доставува 10 решенија врзана за вршење на попис

1. Бр. 01-3313/2 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Централната комисија за попис.
2. Бр. 01-3313/1 од 13.12.2010 година. Одлука за попис и формирање на комисии за попис.
3. Бр. 01-3313/3 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на градежни објекти.
4. Бр. 01-3313/4 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на основни средства.
5. Бр. 01-3313/5 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на попис на опрема (информатичка опрема и техничка стока)
6. Бр. 01-3313/6 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на ситен инвентар на залиха и во употреба.
7. Бр. 01-3313/7 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на побарувања, обврски и парични средства.
8. Бр. 01-3313/11 од 29.12.2010 година. Решение за изменување и дополнување на Одлуката за попис и формирање на комисии за попис.
9. Бр. 01-3313/12 од 29.12.2010 година. Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за попис на ситен инвентар на залиха и во употреба.
10. Бр. 01-3313/13 од 29.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на основни средства, опрема (информатичка опрема и техничка стока), ситен инвентар на залиха и употреба во Постојаната мисија на РМ при Европската унија во Брисел
11. Бр. 01-2525/1/3 од 22.12.2011 година. Решение за формирање на Комисии за попис

СЕП потврдува навремено формирање на Комисија за попис и оптимално завршување на активностите во законски предвиден рок до 08.02.2012. Како дополнителна активност за усогласување на сметководствена со фактичка состојба на средствата и изворите на средствата, СЕП предлага формирање на работна група од претставниците на СФП, за соработка со СОЗР во делот на тнр. Внес на податоци од пописните листи во деловните книги на СОЗР - дел СЕП како и нивно оптимално и навремено усогласување со сметководствена евиденција во рок и начин предвиден во Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

**Наод:** 4.3.2 . *СЕП нема доставено до Агенција за катастар на недвижности податоци на недвижните ствари како и до Министерство за финансии податоци за движните ствари, кои ги користи со состојба на 31 декември во тековната година.*
Забелешка:
СЕП потврдува дека наведените активности врзани за евидентирање на сите движни и недвижни ствари редовно се спроведуваат и успешно се завршени со извршување на пописот за 2011 година, а воедно и доставени се до АКН и МФ.
Имено, во прилог на Преглед – заблешките се доставуваат:

2

1. Бр. 05-853/3 од 11.05.2011 година. Допис до Државен завод за геодетски работи врзана за внатрешна евиденција на недвижни ствари.
2. Бр. 05-853/1 од 14.03.2011 година. Допис до Државен завод за геодетски работи врзана за сметководствени вредности на недвижни ствари.
3. Бр. 05-853/2 од 21.03.2011 година. Допис до Државен завод за геодетски работи врзана за сметководствени вредности на движни ствари.

**Наод:** *4.3.3. Усогласување на финансиските обврски заради нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи*

Забелешка: СЕП потврдува дека Сектор за Финансиски прашања континуирано превзима активности за усогласување на обврските со цел нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи. Во прилог на дописот се доставува:

- Бр. 05-805/1 од 08.03.2011 година. Допис до СОЗР врзано за усогласување на побарувања и обврски, каде СФП извршил усогласување на финансиските обврски со сите субјекти а водено и изготвило листа на неподмирени обврки и побарувања за 2011 година врз основа на која и се спроведе усогласувањето со субјектите. Наведената активност е во тек и за финанските извештаи за 2011 година.

***Наод:4.4.1** . - Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано изјави за постоење или непостоење на судир на интереси.*

Забелешка: Одговорниот во Одделението за јавни набавки да припреми предлог изјави, и истите редовно да се потпишуваат од страна на сите членови на Комисиите за Јавни набавки со реализација на Планот за Јавни набавки на СЕП во 2012 година.

*- Не е извршена измена и допопна на Годишниот план за јавни набавки за 2010 година за спроведени 2 постапки за јавна набавка*

Забелешка: Во прилог на дописот, се доставува Решение: Бр. 05-68/2 од 09.09.2009 година за Дополнување на Годишен план за јавни набавки за 2009 година, каде се утврдени дополнителни 2 постапки за јавна набавка во 2009 година (а не во 2010 година како што ревизорите констатираа). Наведените постапки завршија во 2009 година а плаќањата беа извршени во 2010 година.

*- Времетраењето на договорите за набавка на „симултани/консекутивни преведувачки услуги„ и набавка на „конеференцијска опрема„ било истечено и притоа не биле спроведени постапки за дополнителна набавка на стоки и услуги.*

Забелешка: Во прилог на дописот, се доставуваат, Годишен план за јавни набавки за 2011 година како и 2 договори: Договор за набавка на услуги за изнајмување на конференциска опрема како и Договор набавката на симултани преведувачки услуги, како дел од реализираните активности во рамките на Годишниот план за јавни набавки на СЕП за 2011 година, каде прецизно се утврдени и активности и финансиските средства за реализација на наведените активности.

1. Бр. 05-160/1 од 13.01.2011 година. Годишен план за јавни набавки во 2011 година.

3

2. Бр. 05-504/14 од 17.03.2011 година. Договор за набавка на услуги за изнајмување на конференциска опрема за потребите на Секретаријат за европски прашања.
3. Бр. 05-320/2 од 01.03.2011 година. Договор за набавката на симултани преведувачки услуги за потребите на Секретаријатот за европски прашања,

**Б) Ревизорско мислење**

***Мислење 6.1*** *. Доделување на стипендии за постдипломски студии во странство од областа правото, економијата и политиките на ЕУ.*
Забелешка: Во тек на 2010 година, Владата на Република Македонија има донесено Одлука за доделување на средства за постдипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ за академска 2010/2011 и Одлука за изменување на Одлуката доделување на средства за постдипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ за академска 2010/2011. Заменик Претседател на Владата на РМ задолжен за европски прашања донесе Решение за формирање на Комисија за спроведување на избор на кандидати за стипендии „Габриела Коневска Трајковска„ во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ за академската 2011/2012„ објавена во Службен весник на РМ бр. 37 од 24.03.2011, составена од Председател и Заменик Председател, 6 членови (со 6 заменици членови) и Секретар на комисијата (со заменик секреатар). Се наведува дека само Председател на Комисијата е вработен во СЕП (ниво на државен советник) додека 6 членови се од различити органи на државна управа (меѓу кои и 1 претставник на Министерство за образование и наука). Ревизорското мислење врзано со ставот дека „воспитанието и образованието од сите видови и степени, ...организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката...„ е наведена во рамките на надлежностите на Министерството за образование и наука, СЕП, со внимание ќе го разгледа и ќе изврши неопходни конуслтации и мислења со надлежни државни органи, при спроведувањето на следната постапка при избор на кандидати за стипендии во 2012 година.
Прилог: Решение бр. 15-474/89 од 18.05.2011 година за формирање Комисија за спроведување избор на кандидати за стипендии „Габриела Коневска Трајковска" за постдипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиката на ЕУ за академската 2011/2012 година.

**II) – сметка на буџет на донации – Кралство Норвешка (785) за 2010 година**

***А) Ревизорски наоди и препораки***
Наод: 3.1 - Финансиски извештаи
***Наод 3.1.1*** *- Пописната комисија не извршила потврдување на реалноста на искажаните обврски во износ од 4.461 илјада денари кои потекнуваат од минати години, поради што не го утврдила правниот основ за постоење на истите.*

4

*Не е извршен попис на материјални средства во подготовка евидентирани во Билансот на состојба во износ од 18.601 илјада денари како пренесена почетна состојба од минати години. Не е извршено усогласување на сметководствена со фактичка состојба на средствата и изворите на средствата.*

Забелешка: СЕП формира Комисија за попис за 2012 година заради Навремено, оптимално завршување на активностите во законски предвиден рок до 08.02.2012. Исто така СЕП предлага и формирање на работна група од претставниците на СФП, за соработка со СОЗР во делот на тнр. Внес на податоци од пописните листи во деловните книги на СОЗР - дел СЕП како и нивно усогласување со сметководствена евиденција во рок и начин предвиден во Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и со Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.
Прилог: Бр. 01-2525/1/3 од 22.12.2011 година. Решение за формирање на Комисии за попис

**Б) Ревизорско мислење**

*Мислење 5.1 . Средства во износ од 618 илјади денари сеуште не се искористени, иако периодот за имплементација на проектот е завршен. Имено, во текот на 2009 година и 2010 година не е реализирана ниту една финансиска трансакција од сметката, поради што салдото на ден 31.12.2010 година останува непроменето.*

Забелешка: Сектор за координација на европска и друга странска помош заради доследна реализација на Меморандум за разбирање за Програма за Норвешка билатерална проектна поддршка на Република Македонија во соработка со донаторот и во понатамошниот период ќе превземе мерки и активности за добивање на насоки за постапување со неискористените средства.

## III) – сметка за проект техничка помош за програмата за прекугранична соработка со Република Бугарија (785) за 2010 година

**А) Ревизорско мислење**

*Мислење 4.1 Средства во износ од 800 илјади денари сеуште не се искористени, иако периодот за имплементација на проектот е завршен. Имено, во текот на 2009 година и 2010 година не е реализирана ниту една финансиска трансакција од сметката, поради што салдото на ден 31.12.2010 година останува непроменето.*

Забелешка: Во прилог на Преглед Забелешки се доставува и копие од од е-маил коресподенција (од 12.10.2010г) на Раководителот на Секторот за координација на европска и друга странска помош и претставниците на ЕУД во Скопје, врзано за добивање насоки за искористување на слободни финансиски средства од проектите за техничка помош за прекугранична соработка со Бугарија и Грција.
Сектор за координација на европска и друга странска помош заради доследна реализација на договорот за грант склучен помеѓу СЕП и Европска агенција за реконструкција за техничка помош за прекугранична соработка со Република Бугарија во соработка со донаторот ќе превземе мерки и активности за добивање на насоки за постапување со неискористените средства.

5

**IV) – сметка за проект техничка помош за програмата за прекугранична соработка со Република Грција (785) за 2010 година**

**А) Ревизорско мислење**

*Мислење 4.1 Средства во износ од 3.023 илјади денари сеуште не се искористени, иако периодот за имплементација на проектот е завршен. Имено, во текот на 2009 година и 2010 година не е реализирана ниту една финансиска трансакција од сметката, поради што салдото на ден 31.12.2010 година останува непроменето.*

Забелешка: Во прилог на Преглед Забелешки се доставува и копие од од е-маил коресподенција (од 12.10.2010г) на Раководителот на Секторот за координација на европска и друга странска помош и претставниците на ЕУД во Скопје, врзано за добивање насоки за искористување на слободни финансиски средства од проектите за техничка помош за прекугранична соработка со Бугарија и Грција.

Сектор за координација на европска и друга странска помош заради доследна реализација на договорот за грант склучен помеѓу СЕП и Европска агенција за реконструкција за техничка помош за прекугранична соработка со Република Грција во соработка со донаторот ќе превземе мерки и активности за добивање на насоки за постапување со неискористените средства.

Скопје, 09.01.2012 г.

6

Преглед на доставените документи до ДЗР по преглед на забелешки на Нацрт Извештајот на Државниот Завод за ревизија по основ на извршена финансиска ревизија и ревизија на усогласеност на Секретаријатот за европски прашања за 2010 година

1. Бр. 13-100/2 од. 30.09.2009 година. Предлог процедури – активности врзани за оптимално функционирање на секторот за финансиски прашања врзано за движење и одобрување на финансиска документација.
2. Писмо до СОЗР бр. 05-1717/3 од 30.09.2010 година. Преглед – спецификација за набавка на стоки и услуги и работи во текот на 2011 година.
3. Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР на Владата на РМ, од 11.05.2010 г.
4. Бр. 01-3313/2 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Централната комисија за попис
5. Бр. 01-3313/1 од 13.12.2010 година. Одлука за попис и формирање на комисии за попис
6. Бр. 01-3313/3 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на градежни објекти
7. Бр. 01-3313/4 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на основни средства
8. Бр. 01-3313/5 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на попис на опрема (информатичка опрема и техничка стока)
9. Бр. 01-3313/6 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на ситен инвентар на залиха и во употреба
10. Бр. 01-3313/7 од 13.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на побарувања, обврски и парични средства
11. Бр. 01-3313/11 од 29.12.2010 година. Решение за изменување и дополнување на Одлуката за попис и формирање на комисии за попис
12. Бр. 01-3313/12 од 29.12.2010 година. Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за попис на ситен инвентар на залиха и во употреба
13. Бр. 01-3313/13 од 29.12.2010 година. Решение за формирање на Комисија за попис на основни средства, опрема (информатичка опрема и техничка стока), ситен инвентар на залиха и употреба во Постојаната мисија на РМ при Европската унија во Брисел
14. Бр. 01-2525/1/3 од 22.12.2011 година. Решение за формирање на Комисии за попис
15. Бр. 05-853/3 од 11.05.2011 година. Допис до Државен завод за геодетски работи врзана за внатрешна евиденција на недвижни ствари
16. Бр. 05-853/1 од 14.03.2011 година. Допис до Државен завод за геодетски работи врзана за сметководствени вредности на недвижни ствари

17. Бр. 05-853/2 од 21.03.2011 година. Допис до Државен завод за геодетски работи врзана за сметководствени вредности на движни ствари
18. Бр. 05-805/1 од 08.03.2011 година. Допис до СОЗР врзано за усогласување на побарувања и обврски.
19. Бр. 05-68/1 од 09.01.2009 година. Годишен план за јавни набавки во СЕП за 2009 година.
20. Бр. 05-68/2 од 09.09.2009 година Дополнување на Годишен план за јавни набавки во СЕП за 2009 година.
21. Бр. 05-160/1 од 13.01.2011 година. Годишен план за јавни набавки во 2011 година
22. Бр. 05-504/14 од 17.03.2011 година. Договор за набавка на услуги за изнајмување на конференциска опрема за потребите на Секретаријат за европски прашања
23. Бр. 05-320/2 од 01.03.2011 година. Договор за набавката на симултани преведувачки услуги за потребите на Секретаријатот за европски прашања.
24. Решение бр. 15-474/89 од 18.05.2011 година за формирање Комисија за спроведување избор на кандидати за стипендии „Габриела Коневска Трајковска" за постдипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиката на ЕУ за академската 2011/2012 година
25. Бр. 01-2525/1/3 од 22.12.2011 година. Решение за формирање на Комисии за попис
26. Копие од е-маил коресподенција (12.10.2010г) на Раководителот на Секторот за координација на европска и друга странска помош и представниците на ЕУД во Скопје, врзано за добивање насоки за искористување на слободни финансиски средства од проектите за техничка помош за прекугранична соработка со Бугарија и Грција.

Скопје, 09.01.2012.г

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Од раководното лице на Секретаријатот за европски прашања добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Секретаријатот за европски прашања за сметката на основен буџет (637), број 13-171/4 од 18.01.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-90/2 од 18.01.2012 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.1.1.** која се однесува на непостоење на пишана процедура/интерен акт со кој ќе се уреди постапката за управување со влезните фактури и пропратната документација **не се прифаќа**. Раководното лице во прилог на забелешките достави Прелог процедури - активности врзани за оптимално функционирање на секторот за финансиски прашања врзано за движење и одобрување на финансиската документација, која ревизијата ја имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата, но истата не ги исполнува барањата од одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.2.1.** која се однесува на извршени услуги од страна на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија во име и за сметка на СЕП за набавка на авио билети и мобилна телефонија, без склучен договор за регулирање на меѓусебните права и обврски, **не се прифаќа**. Согласно одредбите од Одлуката за основање на Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија е уредено дека корисниците на услугите утврдени со одлуката склучуваат договор со кој ќе се уредат прецизно видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот на извршување на услугите, како и други прашања од значење за навремено и квалитетно извршување на услугите. Ревизијата истакнува дека СЕП на ден 05.04.2011 година склучил договор со службата за вршење на општите и заедничките работи и услуги. За оваа превземена активност од страна на ревизијата извршено е обелоденување во самиот Нацрт извештај.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.** која се однесува на начинот на извршениот попис и превземените активности по истиот, **не се**

**прифаќа**. Раководното лице во прилог на забелешките не достави дополнителни докази со кои ќе ја оспори или промени утврдената состојба од страна на ревизијата, односно доставената документација ревизијата ја имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.2.** која се однесува на непревземени активности за доставување на податоци за сметководствената вредност на недвижните и движните ствари до Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии, **се прифаќа**, поради дополнително доставена документација. Раководното лице во прилог на забелешките достави документи за доставени податоци за сметководствената вредност на недвижните и движните ствари ствари со состојба на ден 31.12.2010 година до Агенцијата за катастар на недвижности и Министерството за финансии, поради што наведената точка не претставува составен дел на Конечниот извештај.

5. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.3.** која се однесува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните обврски во финансиските извештаи, **не се прифаќа**. Доставената документација ревизијата ја имаше во предвид во текот на вршењето на ревизијата и соодветно е обелоденета во алинеа 6 од точка 4.3.1. од Нацрт извештајот, односно дека извршени се корекции и истите се составен дел на деловните книги за 2011 година.

6. За забелешките на констатираните состојби во делот на **точката 4.4.1.** која се однесува на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, констатирано е следното:
   - забелешката во делот на **алинеја 1** која се однесува на тоа дека членовите на Комисијата за јавни набавки при спроведување на постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси, **претставува известување.** Раководното лице информира/известува за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба;
   - забелешката во делот на **алинеја 2** која се однесува на тоа дека не е извршена измена и дополна на Годишниот план за јавни набавки, **се прифаќа**, поради дополнително доставена документација, Дополнување на годишниот план за јавни набавки за 2009 година, поради што наведената точка не претставува составен дел на Конечниот извештај и
   - забелешката во делот на **алинеја 3** која се однесува на тоа дека се превземени обврски во износ од 196 илјади денари, иако времетраењето на договорите било истечено, **претставува известување.** Раководното

лице информира/известува за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба.

7. Забелешката на констатираната состојба во **точката 6.1.** која се однесува на нагласување на прашања на неизвесност и континуитет во делот на доделување на средства за постдипломски студии во странство од областа на правото, економијата и политиките на ЕУ, **претставува известување.** Раководното лице информира/известува за превземање на мерки за надминување на констатираната состојба.